Друштво за производство, трговија и услуги
ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0307-1162
27-07 202 0 год.
Пласница

**Република Северна Македонија**
**Општинско средно училиште**
**ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ**
**Бр. 05-81/15**
**12.03.2020**
**Велес**

# ДОГОВОР

**Набавка на Нафта за греење (ЕЛ -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1)**

Olivera Kocevska

Digitally signed by Olivera Kocevska
DN: O=OSU Jovce Teslickov, C=MK, E=usojtv@yahoo.com, SN=Kocevska, G=Olivera, CN=Olivera Kocevska
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2020-08-17 10:49:08
Foxit Reader Version: 9.0.0

**Склучен на 12.03.2020 год. во Велес помеѓу договорните страни:**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. **Општинско Средно Училиште „Јовче Тесличков“**, ул. ”Кукушка” бр.37 Велес - РМ, застапувана од Директорот на ОСУ „Јовче Тесличков“, м-р Нада Јованова (во понатамошниот текст Набавувач) од една страна,
   и
2. **ДПТУ Пуцко Петрол ДООЕЛ** ул.” Населено место без уличен систем“ бр.1 Пласница застапувано од Директорот Божанка Грозданова, во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач од друга страна.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни, а во врска со **огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. 01636/2020 за Јавна набавка на Стоки - Нафта за греење за ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес (ЕЛ -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1).**

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на стварно набавените и испорачаните количини на Нафта за греење (ЕЛ -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1) потврдени со испратници. Испорачаните количини не треба да ги надминат вкупната количина утврдена согласно техничката спецификација прилог на тендерската докуемнтација.(вкупна вредност на договорт ќе зависи од стварно испрачаните количини и во зависност од деловите за кој е избран понудувачот).

**Член 3**

Вредноста на договорот изнесува до **1.000.000,00 денари со ДДВ.**

Единечната цена на стоката - екстра лесно гориво (ЕЛ) утврдена во понудата на 25.02.2020 година за кога било закажано јавното отворање на понудите, изнесува **40,25** денари/литар франко набавувач без вкалулиран ДДВ, додека пак единечната цена на стоката постигната на електронската аукција од 28.02.2020 изнесува **34,51** денари/литар франко набавувач без вкалкулиран ДДВ. Процентот на намалување на почетната цена во однос на цената постигната по е-аукцијата изнесува **14,25 %** без вклучен ДДВ и вклучени сите пропратни трошоци на промет.

**Добавувачот, екстра лесното гориво (ЕЛ) наведено во Член 2 од овој Договор, ќе го фактурира по цена на денот на испораката, во согласност со Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика на Р.Македонија за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно со Методологијата, намалена за 14,25 %.**

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на стварно набавените и испорачаните количини на нафта за греење потврдени со испратници. Испорачаните количини не треба да ги надминат вкупната количина утврдена согласно техничката спецификација прилог на тендерската документација.(вкупна вредност на договорт ќе зависи од стварно испорачаните количини и во зависност од деловите за кој е избран понудувачот).

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година односно до целосно исцрпување на средствата предвидени во договорот.

## ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА

**Член 5**

Носителот на набавката е должен испораката на стоката да ја изврши сукцесивно според потребите на набавувачот-училиштето согласно техничката спецификација.

Количината на стоката со секоја писмена нарачка носителот на набавката е должен да ја испорача според писмено барање на набавувачот во рок од 48 саати по добивање на налог, при тоа се обврзува за секоја утоварена количина во секое транспортно средство да издаде: Изјава за сообразност (според важечкиот стандард за квалитет), Испратница со податоци за утоварениот волумен (изразен во литри на $15^{0}$Ц) и при тоа економскиот оператор е должен да достави валиден документ за извршена верификација на протокометрите вградени на автоцистерните, издаден од Бирото за метрологија при Министерството за економија.

Испораката на нафта за училиштето заради условите на теренот мора да се извршува со мала цистерна со носивост од најмногу 6 тони.

Лицето за прием на нафтата ќе биде определено од страна на одговорни лица определени од училиштето каде ќе се испорача нафтата за греење.

Договорниот орган го задржува правото да не ја набави количината утврдена во тендерската документација.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 6**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- Количина со опис на стоката, дефинирани во член 1 и 2 од договорот;
- копија од Одлука на регулаторна комисија за енергетика на РМ за висината на цената на денот на испорака;
- единечна цена;
- вкупна цена;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка со процентот на одобрен рабат;
- пресметка за ДДВ;

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница и записник за прием на стоката потпишан од двете договорни страни.

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши во рок од 90 дена по достава на фактура за испорачаната стока односно достава на фактура во архивата на Договорниот орган, на сметка и банка за која писмено ке го извести Носителот на набавката.

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 8**

За време на важењето на овој договор единечната цена на горивата може да се менува единствено согласно Одлука на регулаторна комисија за енергетика на РМ.

Одобрениот попуст (рабат) за литар гориво изразен во проценти останува непроменет до целосна реализација на овој Договор.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 9**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор.

## КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да обезбеди квалитет на горивата предмет на набавката согласно со Правилникот за квалитет на течни горива, „Сл.весник на РМ„ бр.88/07, 91/07, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08, 78/08 156/08 и 81/09“.

За квалитетот на набавената нафта ДО може да достави приговор.

Носителот на набавката е должен во рок од 3 (три) дена да превземе мерки за решавање на приговорот.

**Член 11**

Заради декларираниот квалитет на горивото набавивачот има право во секое време и по свој избор да земе примерок од горивото во присуство на носителот на набавката од самото место на набавката на течното гориво.

Заради утврден лош квалитет на течното гориво Набавувачот може веднаш да достави рекламација на Носителот на набавката.

Доколку рекламацијата не биде прифатена од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган веднаш доставува приговор за квалитетот на течното гориво.

Во случај приговорот на квалитетот на течното гориво да биде прифатен, тогаш заеднички земениот примерок од рекламираното течно гориво се анализира во овластена контролна лабараторија која спогодбено ја определуваат двете страни.

Резултатите од оваа контролна лабараторија се меродавни за двете страни.

Доколку биде констатирано отстапување од декларираниот квалитет во Сертификатот за квалитет од контролната лабараторија, трошоците за испитувањето кое е неопходно да се изведе заради несоодветниот квалитет, паѓа на товарт на Носителот на набавката, а доколку биде констатирано дека квалитетот е соодветен, во тој случај сите трошоци паѓаат на товар на Набавувачот.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 12**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по испорака на стоката во рок 90 дена по достава на фактура од страна на Носителот на набавката.

**Член 13**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоката.

**Член 14**

За квалитетот на набавената Нафта за греење (ЕЛ -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1) набавувачот има право да достави приговор.

Носителот на набавката е должен во рок од 3 (три) дена да преземе мерки за решавање на приговорот.

**Член 15**

Договорниот орган не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоката да ја прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести Носителот на набавката за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на шест месеци од предавањето на стоката, ако тој недостаток му бил познат на Носителот на набавката или не можел да му остане непознат.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 16**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловнио бичаи со меѓусебно договарање.

**Член 17**

Доколку договорните страни не најдат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава Основниот суд во Велес.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 18**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот.

**Член 19**

Договорниот орган може во секое време да ја прекине набавката и е должен за тоа да го извести носителот на набавката баз разлика на степенот на реализација на набавката.

**Член 20**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Доколку Носителот на набавката не го потпише договорот и не ги почитува одредбите од истиот Договорниот орган ќе издаде негативна референца преку ЕСЈН - Биро за јавни набавки.

**Член 22**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 23**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| ДОБАВУВАЧ | НАБАВУВАЧ |
|---|---|
| ДПТУ Пуцко Петрол ДООЕЛ | ОСУ „Јовче Тесличков“ |
| Директор | Директор |
| Божанка Грозданова | Оливера Коцевска |

| СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА (ЕЛ) ГОРИВО | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ред бр.** | **Позиција** | **един. мерка** | **количи.** | **ед.цена** | **ДДВ** | **Вкупно** |
| | Набавка, транспорт и испорака на: | | | | | |
| **1.** | Екстралесномасло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) | **L** | **1,00** | **34,51** | **6,21** | **40,72** |
| | Вкупно | | | | | |
| **2.** | **Одобрен рабат** | **14,25 %** | | | | |
| | Рок на испорака: **во рок од 48** часа по добивањето на диспозиција и писмена нарачка | | | | | |
| | Квалитет: согласно МКС. БХ2,430 и Правилник за квалитет на течни горива, Сл. весник на РМ бр. 88/2007, 91/2007, 97/2007, 105/2007, 157/2007, 15/2008,78/08, 81/2008, 156/08 и 81/09 | | | | | |

Процентот на намалување ќе се пресметува како соодност на единечната цена утврдена од регулаторната комисија на денот на отворање на понудите и најниската единечна цена постигната на е- аукција.
Постигнатиот процент на намалување ќе биде непроменлив за цело времтраење на договорот и истиот ќе биде основ за определување на цената при секоја испорака на тој начин што малопродажната цена утврдена од Државната регулаторна комисија на денот на испорака на стоката ќе биде намалена за процентот на намалување постигнат по е-аукција.
Корекција на понудените цени ќе се врши во согласност со одлуките на Регулаторната комисија за енергетика на Р.Македонија, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат усогласувани со цените кои ќе ги утврдува Регулаторната комисија за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Датум: 27.07.2020 м.п.

**ДОБАВУВАЧ**
**ДПТУ Пуцко Петрол ДООЕЛ**
Управител
Божанка Грозданова

(потпис и печат)